# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2019 - 2020

## УНИВЕРЗИТЕТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ - ШТИП



# ПОРАКА ОД РЕКТОРОТ

Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип е образовно-научна установа од сегментот на високото образование во Република Северна Македонија, која во рамките на својата матична дејност, самостојно и/или во соработка со универзитети/партнери изведува основни академски студии од прв циклус, специјалистички, професионални и истражувачки студии од втор циклус, како и докторски студии од трет циклус, програми на доживотно учење и програми за стручно усовршување и оспособување.

Универзитетот, во соработка со други образовни и истражувачки организации и установи, спроведува основни и применети истражувања и истражувања кои се во функција на развојот на образовната дејност, врши огромен број на применети дејности (апликативни) во насока на трансфер на технологии, знаење и услуги кон поголем број на стопански субјекти како и субјекти од општествениот живот како во Република Северна Македонија така и надвор од неа.

### Универзитетот својот развој го раководи врз основа на следниве темелни принципи како основа за своја трајна определба:

- Универзитетот е автономна институција, во средиштето на општеството каде врз основа на своите научни истражувања и подучувања, ја формира, ја проценува, ја испитува и ја пренесува културата. За да ги задоволи потребите на опкружувањето околу себе, универзитетското научно истражување и наставната работа мораат да бидат морално и интелектуално независни од сите политички авторитети и економски моќници.
- Наставната работа и научното истражување на универзитетот мора да бидат нераздвојни ако се има предвид фактот дека наставата не треба да заостанува зад потребите кои се менуваат, потребите на општеството за напредок и научно знаење.
- Слободата на научното истражување и наставата е основен принцип на универзитетскиот живот.
- Универзитетот е чувар на европските хуманистички вредности и наследник на културните и образовните традиции на нашиот народ, негова постојана грижа е постигнување на универзално знаење.
- Правото на образование е основно човеково право при што високото образование има значајна улога во потрагата по знаење и негово унапредување и тоа претставува исклучително културно и научно богатство за поединецот и за општеството.
- Универзитетското образование треба да има темелна улога во промоцијата на мирот, взаемното разбирање и толеранцијата помеѓу народите.
- Разноликоста во универзитетското образование и образовните системи во Европа ја одразуваат нејзината култура, општествената, политичката, филозофската, верската и економската разноликост, како една исклучителна предност што треба да се почитува.
- Признавањето на образовните квалификации кои се стекнати во различни образовни системи се основите на традициите на европското образование и принципи.

# МИСИЈА

**ОПШТЕСТВЕНАТА МИСИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ Е ФОКУСИРАНА НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА ИДНИТЕ СТУДЕНТИ И ЛИДЕРИ КОИ ЌЕ БИДАТ СПОСОБНИ ДА КРЕИРААТ ОДРЖЛИВА ОПШТЕСТВЕНА, ЕКОНОМСКА И ТЕХНОЛОШКА СТРАТЕГИЈА НА ДРЖАВАТА**

ПРИТОА ЦЕНЕЈЌИ ГИ ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ КОИ ЌЕ ЈА КВАЛИФИКУВААТ МЛАДАТА АКАДЕМСКА ГЕНЕРАЦИЈА ДА МОЖЕ ДА СЕ СООЧИ СО СВОИТЕ ГРАЃАНСКИ И ЕКОНОМСКИ ПРЕДИЗВИЦИ НА ИДНИНАТА.

# ВИЗИЈА

**НА УНИВЕРЗИТЕТОТ Е ДА СОЗДАДЕ ИНСТИТУЦИЈА КОЈА ЌЕ БИДЕ ПРЕПОЗНАТЛИВА ПО НАЈВИСОКИТЕ ЧОВЕКОВИ ВРЕДНОСТИ: ЗНАЕЊЕ, УМЕЕЊЕ, ВИСТИНА И ЧЕСТ.**

ДА СОЗДАДЕ ИНСТИТУЦИЈА КОЈА ПРОИЗВЕДУВА ВИСОКОПРОФЕСИОНАЛЕН И КВАЛИТЕТЕН КАДАР, ПОДГОТВЕН ДА ГО АПЛИЦИРА СВОЕТО ЗНАЕЊЕ ВО СИТЕ СФЕРИ НА ОПШТЕСТВЕНОТО ЖИВЕЕЊЕ, ПОДДРЖУВАЈЌИ ГО НА ТОЈ НАЧИН НАЦИОНАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И РАЗВОЈОТ НА ДРЖАВАТА ВООПШТО

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ ТЕЛА

## УНИВЕРЗИТЕТСКИ СЕНАТ

Е ОРГАН НА УПРАВУВАЊЕ И СТРУЧЕН ОРГАН КОЈ ГО СОЧИНУВААТ ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ЕДИНИЦИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ, ПРИДРУЖНИТЕ ЧЛЕНКИ И ОД УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ ПАРЛАМЕНТ.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СЕНАТОТ Е **ПРОФ. Д-Р ВЕРИЦА ИЛИЕВА**

## РЕКТОРСКАТА УПРАВА

ЈА СОЧИНУВААТ РЕКТОРОТ, ПРОРЕКТОРИТЕ, ДЕКАНИТЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НАУНИВЕРЗИТЕТОТ И ЕДЕН ПРЕТСТАВНИК НА СТУДЕНТИТЕ ИЗБРАН ОД СТУДЕНТСКОТО СОБРАНИЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ.
СО РЕКТОРСКАТА УПРАВА РАКОВОДИ РЕКТОРОТ.

## УНИВЕРЗИТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

ГО СОЧИНУВААТ ПРЕТСТАВНИЦИ НА СТУДЕНТИТЕ, КОИ ГИ ПРЕТСТАВУВААТ НИВНИТЕ ИНТЕРЕСИ, БАРАЊА И ПРЕДЛОЗИ.
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СТУДЕНТСКИОТ ПАРЛАМЕНТ Е СТУДЕНТ **МИРКО НАЏАКОВ**

# РЕКТОР

Е РАКОВОДЕН ОРГАН НА УНИВЕРЗИТЕТОТ. РЕКТОРОТ ГО ПРЕТСТАВУВА И ГО ЗАСТАПУВА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО ЗЕМЈАВА И ВО СТРАНСТВО, ЈА ВОДИ МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И ИНИЦИРА СОРАБОТКА СО ДРУГИ УНИВЕРЗИТЕТИ ВО ЗЕМЈАВА И ВО СТРАНСТВО.
РЕКТОР НА УНИВЕРЗИТЕТОТ Е **ПРОФ. Д-Р БЛАЖО БОЕВ**

# КАБИНЕТ ЗА ПРОРЕКТОРИ

ГО СОЧИНУВААТ:
**ПРОФ. Д-Р МИШКО ЏИДРОВ**, ПРОРЕКТОР ЗА НАСТАВА И СТУДЕНТИ,
**ПРОФ. Д-Р ДЕЈАН МИРАКОВСКИ**, ПРОРЕКТОР ЗА РАЗВОЈ, ИНВЕСТИЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ.

# ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР

ЈА ОРГАНИЗИРА, КООРДИНИРА И КОНТРОЛИРА ЦЕЛОКУПНАТА РАБОТА ВО СЕКРЕТАРИЈАТОТ И СЛУЖБАТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И Е ОДГОВОРЕН ЗА КВАЛИТЕТНО, НАВРЕМЕНО И СТРУЧНО ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ВО НИВ.
ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР Е **М-Р РИСТО КОСТУРАНОВ**

# ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА УНИВЕРЗ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП



# ОРГАНОГРАМ


Г „ГОЦЕ
ектopска Управа
Кабинет на проректор за развој, инвестиции и одржување
Кабинет на проректор за наука
Кабинет на проректор за настава
Кабинет на проректор за меѓународна соработка
Сектор за материјално и благајничко работење
Одделение за инвестиции и развој
Одделение за наука
Одделение за настава
Одделение за меѓународна соработка
Одделение за материјално работење
Одделение за јавни набавки
Одделение за магистерски и докторски студии
Одделение за библиотечно работење
Одделение за ЕКТС
Одделение за благајничко работење
Центар за трансфер на технологии
Одделение за студентска архива
Одделение за доживотно учење
Одделение за е-учење
Центар за кариера и алумни клуб

# СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ

За потребите на образованието и научно-истражувачката работа се ангажирани кадри кои имаат научен дигнитет, чиј што коефициент на компетитивност кореспондира со нивното знаење, способноста и спремноста да го прифатат ризикот и одговорноста за својот живот и за обновата на својата локална и глобална заедница, трансформирајќи ја во општество на знаење и општество на учење.









# ФИНАНСИИ

Структурата на буџетот е релативно стабилна и најголемиот извор на финансирање на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип во 2019 година, е финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.
Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите, кои се намалени во последната година.




**Приходи 2019 и 2020,**
**сметка на прв циклус на студии 788-18,**
**период 01.01 - 04.10.2019 и 01.01 - 23.09.2020**




**Трошоци 2019 и 2020,**
**сметка на прв циклус на студии 788-18,**
**период 01.01 - 04.10.2019 и 01.01 - 23.09.2020**




**Вкупни вредности за сите сметки од сопствен приход за 2019 и 2020,**
**период 01.01 - 04.10.2019 и и 01.01 - 23.09.2020**




**Вкупни вредности за сите сметки од сопствен приход за 2019 и 2020,**
**период 01.01 - 04.10.2019 и и 01.01 - 23.09.2020**



# СТУДИИ

Образованието на студентите се одвива со примена на современи стандарди во системот на оценувањето, организацијата на студиите, дидактичките методи и со наставни планови и програми кои се засновани на најдобрите искуства и традиции на европските универзитети како и со реформските принципи кои се иницирани со Болоњскиот процес на преструктурирање на европскиот систем на високо образование.

Студиските програми на Универзитетот се насочени кон стекнувања на знаења со кои студентите ќе се квалификуваат за работи кои се дел од високо технолошкото опкружувања за кое се бара разбирање на процеси и изградени способности за управување со системи кои поседуваат "мета" интелегеницијa, но исто така и иницијативност, претприемнички способности, способности за психолошка евалуација на соработниците, работа во работни групи и тимови, способност за донесување на одлуки во недостиг на време, способност за понатамошно доживотно образование, способност за одбирање на релевантните информации во околина од огромен број на информации и информациско загадување, способност за процесирање на истовремено повеќе работи и способност за креативна интеграција на знаењето со праксата.

На Универзитет „Гоце Делчев" – Штип во 2019 година студентите студираа на 95 студиски програми од прв циклус, 85 од втор циклус и на 8 студиски програми од трет цикус.

95 ПРВ ЦИКЛУС

85 ВТОР ЦИКЛУС

8 ТРЕТ ЦИКЛУС

# ПРВ ЦИКЛУС




**Вкупен број на запишани студенти на прв циклус по години за 2013-2019 ***

*Вкупниот број се однесува на запишани студенти и префрлувања за соодветната година




**Број на запишани студенти на прв циклус по факултети со удел во вкупно запишани во 2019***

*Вкупниот број се однесува на запишани студенти и префрлувања за соодветната година

# ПРВ ЦИКЛУС




**Вкупен број на дипломирани студенти на прв циклус по години за 2013-2019**




**Број на активни и неактивни студенти на прв циклус за 2013-2020***

*Активни = вкупно запишани и останати активни. Неактивни = времено неактивни, во мирување и испишани. Период 1.8.20XX - 31.7.20XX+1. **Информацијата за 2020 е од 24.09.2020. Извештајот е изработен во период за запишување на зимски семестар 2020/21. Точна информација за 2020/21г ќе има по завршување на запишувањето.




**Состојба со број на пријавени студенти, Уписи 2020/21***

*Пресек на информација за уписи 20/21 на 24.09.2020

# ВТОР ЦИКЛУС




Број на запишани и завршени студенти на втор циклус по години за 2013-2019




Број на запишани студенти на втор циклус во 2019 по факултети

# ТРЕТ ЦИКЛУС




**Број на запишани студенти на трет циклус по години за 2013-2019**




**Запишани студенти на трет циклус по кампуси за 2013-2019 во проценти**

# ПРОЕКТИ

31

## ПОВЕЌЕ ОД 31 НОВИ ПРОЕКТИ ЗАПОЧНАА ВО 2019 ГОДИНА, ПОДДРЖАНИ ОД НАЈРАЗЛИЧНИ ФОНДОВИ.




Проекти од фондот за научно-истражувачка работа на Универзитетот




Приходи од апликативни проекти за период од 2013-2019 во денари

Период 01 01 20XX 31 12.20XX

# ИСТРАЖУВАЊА

Унверзитетот создава атмосфера за истражување во која неговиот кадар може да се докажува преку истражувачки студии и проекти во доменот на науката, природните науки, технологијата, општествените науки, медицината и уметноста. Врвните достигнувања се споделуваат со други универзитети, научни и истражувачки институции и индустрискиот сектор, со што се придонесува во развојот на државата и зголемување на глобалните знаења.

**52**

ТРУДОВИ ВО МЕЃУНАРОДНИ СПИСАНИЈА СО ФАКТОР НА ФЛИЈАНИЕ

**556**

НОВИ ТРУДОВИ ОБЈАВЕНИ ВО ЖУРНАЛИ И СПИСАНИЈА

**400**

НОВИ ТРУДОВИ ДЕЛ ОД КОНФЕРЕНЦИИ И НАУЧНИ СОБИРИ

**30**

ИЗЛОЖБИ

Информациите се однесуваат за период 01.01 2019 - 31 12.2019 и се однесуваат на информации поставени во репозиториум на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# ЕРАЗМУС




## 38 СТРАНСКИ СТУДЕНТИ ГО ИЗБРАА УГД ЗА СТУДИРАЊЕ ПРЕКУ ЕРАЗМУС ПРОГРАМАТА ВО 2019

### ТОП 5 УНИВЕРЗИТЕТИ СО НАЈГОЛЕМА СОРАБОТКА СО УГД

1. UNIVERSITY OF OVIEDO - SPAIN
2. UNIVERSITY OF SASSARI - ITALY
3. UNIVERSITY OF FERRARA - ITALY
4. UNIVERSITY OF TECHNOLOGY OF TROYES - FRANCE
5. COMENIUS UNIVERSITY IN BRATISLAVA - SLOVAKIA

## 51 СТУДЕНТИ НА УГД БЕА ДЕЛ ОД ЕРАЗМУС ПРОГРАМАТА ВО 2019

### ТОП 5 УНИВЕРЗИТЕТИ ЗА НАШИТЕ СТУДЕНТИ

1. UNIVERSITY OF GRANADA - SPAIN
2. UNIVERSITY OF INSUBRIA - ITALY
3. UNIVERSITY OF LJUBLJANA - SLOVENIA
4. VILNIUS UNIVERSITY - LITHUANIA
5. UNIVERSITY OF SOFIA - BULGARIA

Најмногу од Факултетот за медицински науки

## 9 СТУДЕНТИ НА УГД БЕА ДЕЛ НА ПРАКСА ПРЕКУ ЕРАЗМУС ПРОГРАМАТА ВО 2019

## 42 INCOMING STAFF - ПРОФЕСОРИ И АДМИНИСТРАЦИЈА ОД ДРУГИ УНИВЕРЗИТЕТИ ДОЈДОА НА УГД ПРЕКУ ЕРАЗМУС ПРОГРАМАТА ВО 2019

Најмногу од Бугарија, Турција, Хрватска, Шпанија, Полска

Информации за периодот од 01.09.2019 до 30.06.2020

# СПОРТ

Повеќе од 1500 студенти и над 40 вработени беа дел од бројни универзитетски, државни и меѓународни натпревари организирани до 2019 година.

120 медали за најдобрите студенти на УГД лиги во седум спортски дисциплини

Прво место во футсал и карате на Меѓународниот спортски настан Урбан спорт – Софија

70 студенти и вработени дел од Авицена женската трка и **Wizz air** маратонот во Скопје

4 нови дисциплини за студентите: планинарење, куглање, пешачење, атлетика.

Презентација на активностите на УГД на Меѓународна конференции и Форуми за спорт.



# РАНГИРАЊЕ

2

## ВТОРО РАНГИРАН НА ВЕБОМЕТРИКС ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, 3320 ВО СВЕТСКИ РАМКИ.

Критериуми: присутност на интернет (големина на web простор, зафатеност на веб од страна на институцијата и слично), влијание (надворешни мрежи и контакти, колку други институции ја поврзуваат институцијата во нивни линкови и контакти), отвореност (број на цитати од топ автори) и научност (број на научни трудови во топ 10% цитирани автори од 26 научни дисциплини)

**ВЕБОМЕТРИКС** ГИ РАНГИРА УНИВЕРЗИТЕТИТЕ И СПРЕД ТОА КОЛКУ СЕ ЦИТИРАНИ АВТОРИТЕ ОД УНИВЕРЗИТЕТИТЕ ПРЕКУ **GOOGLE SCHOLAR.**

## УНИВЕРЗИТЕТОТ Е НА 2330 ПОЗИЦИЈА ВО СВЕТСКИ РАМКИ.

2

## ЛИСТА НА НАЈДОБРО РАНГИРАНИ УНИВЕРЗИТЕТИ ВО СВЕТОТ ОД СТРАНА НА ЏИАО ТОНГ УНИВЕРЗИТЕТОТ ГО РАНГИРА УНИВЕРЗИТЕТОТ НА ВТОРОТО МЕСТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Рангирањето на македонските институции за високо образование е нарачано од Министерството за образование на Република Северна Македонија и се прави од 2011-2012. Последното рангирање е објавено на 1 март 2017 година. Деветнаесет квалификувани високообразовни институции се вклучени во рангирањето.
За рангирање се користени 21 индикатор за академски перформанси и конкурентност, опфаќајќи ги основните мисии на високообразовните институции како што се настава, истражување и социјална служба.

# ОНЛАЈН НАСТАВА

## МАЈКРОСОФТ ГО ИЗДВОИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП КАКО ПРИМЕР ЗА ОНЛАЈН УЧЕЊЕ

Универзитетот има добра соработка со **Мајкрософт** од самиот почеток, а од 2010 Мајкрософт е вистински стратешки партнер во развојот на ИТ инфраструктурата на Универзитетот.
Со почетокот на пандемијата Универзитетот многу бргу се преориентира на онлајн учење.
Според Мајкрософт:

> *„Универзитетот „Гоце Делчев“ е водечки државен универзитет во Северна Македонија. Со 9.000 студенти запишани на петнаесет факултети, Универзитетот ја започна транзицијата кон учење од далечина во декември 2019 г., спроведувајќи тестирање на Teams со 500 студенти. До март 2020 г., повеќе од 4.400 студенти и 360 предавачи веќе активно го користеа за учење и споделување содржини, олеснувајќи ја брзата транзиција кон учење од далечина предизвикана од пандемијата со ковид-19.“*

Сето ова резултираше со повеќе од **100.000 часови** на аудио лекции и **50.000 видеа** во живо, преку повеќе од **11.000 состаноци** во живо.

Добриот премин кон онлајн настава не е случаен затоа што Универзитетот веќе 13 години развива платформи за онлајн работење. Тоа се платформите **Е-индекс**, **Е-учење** и **Е-Библиотека** кои се користат од студентите и професорите во секојдневното работење.



# АКТИВНОСТИ 2019/20

## СТУДЕНТИ

*Студентско списание на Филолошки факултет*

**„КУЛА“ ПОЧНА ДА СЕ ИЗДАВА КАКО ПРОСТОР ВО КОЈ СТУДЕНТИТЕ РАЗМИСЛУВААТ, СПОДЕЛУВААТ И СОЗДАВААТ, ПРОСТОР ВО КОЈ ТЕМИТЕ ОД КУЛТУРАТА, УМЕТНОСТА И ЛИТЕРАТУРАТА ДОБИВААТ АКАДЕМСКИ ПЕЧАТ**

*Универзитетското студентско собрание*

**СЕ ВКЛУЧИ ВО АКЦИЈАТА ЗА ПОМОШ НА СТУДЕНТИТЕ КОИ ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈАТА НЕМАА ЕЛЕКТРОНСКИ УРЕД ИЛИ ИНТЕРНЕТ**

*Студентите од ФТБЛ*

**АКТИВНО УЧЕСТВУВАА НА ЧЕТВРТАТА ТУРИСТИЧКА БЕРЗА КОЈА БЕШЕ ОРГАНИЗИРАНА ОД СТРАНА НА НАЦИОНАЛНАТА АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ДОЈДОВЕН ТУРИЗАМ НА МАКЕДОНИЈА (НАИТМ)**







*Студентите од Факултетот за Информатика*

**ОСТВАРИЈА СРЕДБА СО РАБОТОДАВАЧИТЕ ОД ИКТ ИНДУСТРИЈАТА СО ЦЕЛ ДА СЕ ВМРЕЖАТ СО ИДНИТЕ РАБОТНИЦИ**

*Студентите од Правен факултет*

**ОДРЖАА СИМУЛИРАНО СУДЕЊЕ НА ПРОЦЕС ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА**

*Бруцош – магазин за новите студенти*

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ПРЕКУ ОДД. ЗА РАДИО, ТВ И ВЕБ ИЗРАБОТИ ЕДЕН НОВ ВИД НА МАГАЗИН ЗА СИТЕ СТУДЕНТИ И СРЕДНОШКОЛЦИ**

*УГД на Урбан спорт фест*

**ПОВЕЌЕ ОД 50 СТУДЕНТИ УЧЕСТВУВАА ВО СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ ВО ПРЕКУ 20 СПОРТСКИ ДИСЦИПЛИНИ И БЕА ДЕЛ ОД ФОЛКЛОРНИОТ ФЕСТИВАЛ ВО СОФИЈА, БУГАРИЈА**

*Студентите на Земјоделски факултет*

**УЧЕСТВУВАА НА СТУДЕНТСКИ НАТПРЕВАРИ „АГРОНОМИЈАДА“ ВО БУДВА, ЦРНА ГОРА**

## Студентите од Правен факултет

**ОДНЕСОА ПРВО И ТРЕТО МЕСТО НА ТРАДИЦИОНАЛНИОТ ДРЖАВЕН НАТПРЕВАР ПО ОРАТОРСТВО, ОРГАНИЗИРАН ПО ПОВОД 9 МАЈ – ДЕНОТ НА ЕВРОПА И ДЕНОТ НА ПОБЕДАТА НАД ФАШИЗМОТ, НА ТЕМА „АКТИВНИ МЛАДИ – ЖИВА ДЕМОКРАТИЈА“.**

## Студентката на Правниот факултет

**МАРИЈА КОЦЕВА, ПОБЕДИ НА IX ОРАТОРСКА ВЕЧЕР НА УГД СО ГОВОР ЗА НЕПОТИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА.**

## 5 Еразмус + алумни студенти

**ЗАЕДНО СО КООРДИНАТОРКАТА НА ПРОГРАМАТА „ЕРАЗМУС ПЛУС“, САЊА СТЕФАНОВА ПРИСУСТВУВАА НА ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ НА WESTERN BALKANS ALUMNI ASSOCIATION ВО ТИРАНА, АЛБАНИЈА.**

## Студенти на ФТБЛ

**ЗАЕДНО СО НАД 90 УЧЕНИЦИ ОД СРЕДНИТЕ УГОСТИТЕЛСКИ УЧИЛИШТА ВО ЗЕМЈАВА И ОД КОСОВО СЕ НАТРЕВАРУВАА ВО РАМКИТЕ НА ЧЕТВРТИОТ МЕЃУНАРОДЕН ГАСТРОНОМСКИ ФЕСТИВАЛ „COOK AND SERVE 2019“.**






## Студентите од насоката Дентална медицина

**НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ЈА ПРОДОЛЖИЈА ТРАДИЦИЈАТА НА УСПЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА СИМПОЗИУМ ПО ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА.**

## Студентите на ФМН организираа

**КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ХИРУРГИЈА НА ТЕМА „SPECIAL OPS - PRE/INTRA/POST OPERATIVE MANAGEMENT OF COMPLICATED SURGICAL PATIENT".**

# НАУКА

## Онлајн конференција на Правен факултет

**ПО СЕДМИ ПАТ СЕ ОРГАНИЗИРАШЕ МЕЃУНАРОДНАТА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ“**

## Инфо ден за проектот „Биоотпад“

**БЕШЕ ОРГАНИЗИРАН ВО ПРОБИШТИП ПРИ ШТО БЕА ПРЕЗЕНТИРАНИ РЕЗУЛТАТИТЕ ПОСТИГНАТИ ВО ДВЕ И ПОЛ ГОДИНИ ОД РАБОТАТА НА ПРОЕКТОТ**

## Професори од Правен факултет вклучени

**ВО МЕЃУНАРОДНАТА ПУБЛИКАЦИЈА НА ТРУДОВИ „КОН ЕФЕКТИВНА САЈБЕР-ОДБРАНА ВО СОГЛАСНОСТ СО ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВО” КАКО ДЕЛ ОД СЕРИЈА-Е ОД ПРОГРАМАТА ЗА НАУКА ЗА МИР И БЕЗБЕДНОСТ НА НАТО**

*Претставници на Универзитетскиот спортски и културен центар беа дел од*

**КОНВЕНЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНАТА МРЕЖА ЗА СПОРТ, ЗДРАВЈЕ И НАУКА ОДРЖАНА ОНЛАЈН**

*Факултетот за медицински науки одганизираше*

**МЕЃУНАРОДЕН СИМПОЗИУМ - ДЕРМАТОЛОГИЈА 2020**

*Професор од Факултетот за медицински науки*

**СО ТРУД ВО НАЈРЕНОМИРАНОТО СВЕТСКО СПИСАНИЕ ОД ОБЛАСТА НА АНАЛИТИЧКАТА ХЕМИЈА, СПИСАНИЕТО „ANALYTICAL CHEMISTRY" (ИЗДАНИЕ НА AMERICAN CHEMICAL SOCIETY). ТРУД ОД АВТОРИ НА НАУЧНИТЕ ГРУПИ ЗА ЕЛЕКТРОХЕМИЈА НА ПРОФЕСОРОТ ВАЛЕНТИН МИРЧЕСКИ (ПМФ - СКОПЈЕ) И НА ПРОФЕСОРОТ РУБИН ГУЛАБОСКИ ОД УГД**

*На Земјоделски факултет*

**СЕ ОДРЖА ИНТЕРНАЦИОНАЛНАТА КОНФЕРЕНЦИЈАТА „1ST SCIENTIFIC CONFERENCE FOR CRITICAL ENVIRONMENTAL ISSUES OF THE WESTERN BALKAN COUNTRIES".**

*Професорката од Факултетот за Медицински науки*

**ПРОФ. Д-Р ЛЕНЧЕ МИЛОШЕВА УЧЕСТВУВАШЕ НА ГОДИШНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА СОВЕТОТ ЗА ДОКТОРСКО ОБРАЗОВАНИЕ НА ЕВРОПСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТИ**







*Млади научници од Факултетот за Медицински науки*

**ОД ГРУПАТА БИОЕЛЕКТРОХЕМИЈА, ДОЦЕНТ ВИКТОРИЈА МАКСИМОВА И АСС. МИЛКИЦА ЈАНЕВА, АСС. СОФИЈА ПЕТКОВСКА, АСС. ПАВЛИНКА КОКОШКАРОВА, ПОД МЕНТОРСТВО НА ПРОФ. РУБИН ГУЛАБОСКИ И ПРОФ. ВАЛЕНТИН МИРЧЕСКИ, ПУБЛИКУВАА ПЕТ ФУНДАМЕНТАЛНИ НАУЧНИ ПУБЛИКАЦИИ ВО ТРИ ОД ДЕСЕТТЕ НАЈВЛИЈАТЕЛНИ СПИСАНИЈА СО ИМПАКТ ФАКТОР ОД ОБЛАСТА НА ЕЛЕКТРОХЕМИЈАТА.**

*На Факултетот за Медицински науки*

**ВО РАМКИТЕ НА НАТО ПРОЕКТОТ СО НАСЛОВ „ТЕРЕНСКИ ДЕТЕКТОР ЗА ГЕНОТОКСИЧНОСТ ОД ХЕМИСКИ, БИОЛОШКИ, РАДИОЛОШКИ, НУКЛЕАРНИ И ЕКСПЛОЗИВНИ НАПРАВИ" SPS MYP G5266, СЕ ОРГАНИЗИРАШЕ ВТОРИОТ ТРЕНИНГ КУРС И СОСТАНОКОТ НА КОДИРЕКТОРИТЕ НА ПРОЕКТОТ**

*Правен Факултет*

**ОРГАНИЗИРАШЕ СЕМИНАР ВО РИМ, ИТАЛИЈА ПО ПОВОД ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА ДЕНОТ НА ЕВРОПА, НА 9 МАЈ ВО СОРАБОТКА СО ИНСТИТУТОТ ЗА МЕЃУНАРОДНИ ПРАВНИ СТУДИИ ПРИ НАЦИОНАЛНИОТ ИСТРАЖУВАЧКИ ЦЕНТАР ВО РИМ (ISTITUTO STUDI GIURIDICI INTERNAZIONALI-CNR)**

*Земјоделски Факултет*

**ПО ВТОР ПАТ ГО ОРГАНИЗИРАШЕ МЕЃУНАРОДНОТО НАУЧНО-СТРУЧНО СОВЕТУВАЊЕ „АГРОНАУКА И ПРАКСА"**

Правниот факултет

**Е ДЕЛ ОД ПРОЕКТ ЖАН МОНЕ ПОВРЗАН СО МИГРАЦИЈА И АЗИЛ, ПРЕДВОДЕН ОД ДОЦ. Д-Р АНА НИКОДИНОВСКА-КРСТЕВСКА, „MIGRATION AND ASYLUM POLICIES SYSTEMS - MAPS“ (2018 - 2021)**

На Правен факултет

**ПРОМОВИРАНА КНИГАТА „РЕТОРИКА - ИСТОРИСКИ И СОВРЕМЕНИ АСПЕКТИ“ КАКО КОАВТОРСКО ДЕЛО НА ГРУПА ПРОФЕСОРИ ОД ДВАТА** ДРЖАВНИ ПРАВНИ ФАКУЛТЕТИ НА УКИМ И УГД

Факултетот за информатика

**УЧЕСТВУВА НА 3D/VR ВИРТУЕЛНИОТ САЕМ „IOT ТРЕНДОВИ ВО 2020"**





Факултетот за образовни науки

**ЗАПОЧНА СЕРИЈА ПРЕДАВАЊА И РАБОТИЛНИЦИ НА ТЕМА „ФИЛОСОФИЈА СО ДЕЦА И РАЗВОЈ НА КРИТИЧКО МИСЛЕЊЕ“ ВО СОРАБОТКАТА СО ФАКУЛТЕТОТ ЗА ХУМАНИСТИЧКИ И ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО СПЛИТ, Р. ХРВАТСКА**

Филолошки факултет организираше

**ЧЕТВРТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „ФИЛКО - ФИЛОЛОГИЈА, КУЛТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ“ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ ВОРОНЕШКИОТ ДРЖАВЕН УНИВЕРЗИТЕТ, РУСИЈА**

Професорка од Факултетот за Медицински науки

**ПРОФ. Д-Р ЕМИЛИЈА ЈАНЕВИЌ-ИВАНОВСКА ДОБИТНИК НА ПРЕСТИЖНАТА НАГРАДА ЗА ФРАНКОФОНИЈА**

Професор од Факултетот за Медицински науки

**ПРОФ. Д-Р ВАСО ТАЛЕСКИ ДОБИТНИК НА ПОВЕЛБАТА „Д-Р ТРИФУН ПАНОВСКИ“**

# УМЕТНОСТ

Музичка Академија организираше

**ВИДЕОКОНЦЕРТ НА КЛАСАТА НА ПРОФ. Д-Р ЕМИЛИЈА ПОТЕВСКА-ПОПИВОДА**

Професор на УГД со изложба на скулптури во Њујорк

**ВО ГАЛЕРИЈАТА МЦ ВО ЊУЈОРК, САД, БЕШЕ ОТВОРЕНА ИЗЛОЖБАТА НА СКУЛПТУРИ ОД ГАЛЕРИСКИ ФОРМАТ НАСЛОВЕНА „МОРФОЛОШКА ДЕЗАГРЕГАЦИЈА“ ОД АВТОРОТ СЛОБОДАН МИЛОШЕСКИ**

Дуото Митева – Трбојевиќ

**ПРОФЕСОРКИ НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА, ОДРЖА ЦЕЛОВЕЧЕРЕН СОЛИСТИЧКИ КОНЦЕРТ ВО РАМКИТЕ НА МУЗИЧКИОТ ФЕСТИВАЛ ТЕМПИЕТО „CONCERTI DEL TEMPIETTO” ВО ТЕАТРО МАРЧЕЛО ВО РИМ, ИТАЛИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ**
**ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ - ШТИП**

Адреса: ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А
Пош. фах 201, Штип - 2000, Р. Северна Македонија
Тел. 032 / 550 000
Факс 032 / 390 700
e-mail: contact@ugd.edu.mk
www.ugd.edu.mk